2014

# И З В Е Ш Т А Ј
# за стопанското работење



ИЗГОТВУВАЧ

ЈКП ВОДОВОД БИТОЛА

# И З В Е Ш Т А Ј

ЗА СТОПАНСКОТО РАБОТЕЊЕ ВО 2014 ГОДИНА

## ОСНОВНИ ПОДАТОЦИ ЗА ЈКП"ВОДОВОД"-БИТОЛА

ЈКП"Водовод"-Битола врши комунална стопанска дејност од посебен јавен интерес за граѓаните: собирање, пречистување и дистрибуција на вода за пиење и тоа за Општината Битола и Општините Могила и Новаци.

Претпријатието претставува самостоен субјект со целосна одговорност. Со работата раководи директор на претпријатието, именуван од градоначалникот. Управувањето му е доверено на Управниот одбор, кој се состои од 9 членови.

За пратење на материјално финансиското работење од страна на Советот е оформен Одбор за контрола, кој е составен од пет надворешни члена.

ВНАТРЕШНА ОРГАНИЗАЦИЈА НА ЈКП"ВОДОВОД"

За извршување на основната дејност, според карактерот на работите и од аспект на раководењето, тоа внатрешно е организирано по работни единици, сектори, служби, оддели и групи.

Во ЈКП"Водовод" постојат две работни единици, и тоа:

- Работна единица "Заеднички работи", која ги опфаќа административните работи;
- Работна единица "Водоводни објекти и инсталации", кои ги опфаќаат оперативните дејности.

КАДРОВСКА ОПРЕМЕНОСТ

За успешно извршување на поставените задачи, ЈКП"Водовод" располага со солидна кадровска структура,чиј коефициент на сложеност на трудот е над републичкиот.

Структурата на вработените е следна:

| Ред. бр. | Квалификациона структура | 2014 година |
|---|---|---|
| 1 | МАГИСТРИ | 1 |
| 2 | ВСС | 27 |
| 3 | ВШС | 46 |
| 4 | ССС | 44 |
| 5 | ВКВ | 48 |
| 6 | КВ | 26 |
| 7 | ПК-НК | 15 |
| 8 | НК-ОСН | 8 |
| | **ВКУПНО** | **215** |

# ИНФОРМАЦИЈА ЗА ИЗВРШЕНИТЕ РАБОТИ ВО 2014 ГОДИНА ПО РАБОТНИ ЕДИНИЦИ

## 1. РЕ "ЗАЕДНИЧКИ РАБОТИ"

Во склоп на работната единица “Заеднички работи” делуваат три сектори и тоа :

- Сектор за правни, општи и кадрови работи
- Стопанско сметководен сектор
- Технички сектор

Секторите преку своите служби и оддели ги извршуваат сите административно - правни, економски и други работи за сите работни единици и претпријатието во целина.

Во склоп на РЕ Заеднички работи делува Продажното одделение, Техничката служба и Службата за инвестиции.

### 1.1.ПРОДАЖНО ОДДЕЛЕНИЕ

Продажното одделение во текот на 2014 година ги извршуваше следните работи :

- Читање на водомерите кај домакинствата и правните лица, со исклучок на големите потрошувачи
- Внесување на состојбите, изготвување на сметки, фактури и опомени по неплатени сметки
- Носење на сметките и опомените до индивидуалните потрошувачи и нивна наплата
- Контрола на читањето и нивната наплата
- Откривање на непријавени диви приклучоци
- Присилна наплата кај индивидуални потрошувачи и малото стопанство
- Други вонредни работи по задолжување на овластени комисии стручниот колегиум или непосредна наредба од директорот

Во широкиот дијапазон на различни работни задачи најактуелно беше наплатувањето на сметките, кои како и во претходните години, така и во текот на 2014 година се плаќаат со задоцнување, па затоа во тековната година се плаќаат и постари сметки. Во текот на извештајната 2014 година многу повеќе е актуелизирано тужењето, како мерка за присилна наплата, отколку исклучувањето од водоводната мрежа, со што процентот на наплата не се намали. Ако се замат во предвид и реализираните средства од тужени сметки на индивидуалните потрошувачи, процентот на наплата ќе го достигни минатогодишното ниво од 90% кој процес трае повеќе години. Кај сите кои нелегално користеле вода им се изготвуваат паушални сметки. Дивите приклучоци и понатаму се откриваат преку службата за контрола, самоиницијативно или по пријава на било кој граѓанин доколку има услови, истиот се легализира или во спротивно се исклучува.

Со пристапувањето кон фактурирање на разликите, меѓу главните и посебните водомери во зградите, исто така е добиен солиден резултат во наплатата. Во текот на 2014 година со набавеното ново возило за потребите на службата значително се подобри работата за читање на водомерите од стопанството и селата.

## 1.2. ТЕХНИЧКИ СЕКТОР

### 1.2.1 ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТАТА НА СЛУЖБАТА ЗА ГИС И ПРОЕКТИРАЊЕ ВО ТЕКОТ НА 2014 година

**Проектни активности извршени во текот на 2014 година**

Во текот на 2014година работата на службата за ГИС и проектирање главно беше насочена кон пренесување на податоци за водоводната мрежа (водоводни линии, затворачи и хидранти), од картите во дигитална форма со користење на програмот Autocad MAP 3D 2012.
Заклучно со 2014 година внесени се околу 95% од примарната и секундарната водоводна мрежа, и 100% од постоечките затворачи и хидранти во мрежата.
Вработените во службата започнаа со изучување и користење на нов компјутерски програм KALIOPA DESKTOP 4 во склоп на Autocad MAP 3D 2012 за атрибутирање на инфрастриктурните објекти.

Продолживме со изработка на електронска верзија на позначајните проекти кои се однесуваат на водоснабдителните објекти на системот. Околу 95% од проектот за Филтерската станица во с. Дихово е завршен.

Тековните работи како изештаи за општинските комисии, тендери и записници за приклучоци на градската водоводна мрежа со вцртување на инсталации за правни и физички лица беа навремено и квалитетно изработени.

Во врска со електронското издавање на одобренија за градба, ЈКП Водовод издава мислење за исполнување на хидротехнички услови. Издадени се 126 електронски мислења како и 120 вцртувања на подземни инсталации и согласности за нови инфраструктурни урбанистички планови.

Инженерите во службата вршеа мерења на проток со ултразвучен мерач , како и поставување на мерачи на притисок на карактеристични места. За работата на ХЕП изработувани се месечни и квартални извештаи, како и месечни фактури за произведена електрична енергија и истите се доставени до Агенцијата за енергетика и Мепсо.

Геометарот како дел од оваа служба редовно е на терен извршувајќи ги работите во склоп на службата како и потребите за другите работни единици.

## 2. РЕ "ВОДОВОДНИ ОБЈЕКТИ И ИНСТАЛАЦИИ"

### 2.1 ОДДЕЛ "ВОДОСНАБДИТЕЛНИ ОБЈЕКТИ"

Во текот на 2014 година објектот Филтерница заедно со пумпната станица - Довлеџик успешно ја заврши својата работа испорачувајќи ги потребните количини на чиста вода за пиење на конзумното подрачје на градот и околините селски населби.

Во 2014 година ,,Одделот за водоснабдителни објекти,, ги изврши следните планирани и тековни активности;
*Чистење на брана Сапунчица и брана Стара бука.
*Поставување на цевка Ф80 (дишник) на ПК5.
*Демонтажа на мало трафо на зафат Црвена река.
*Поставување на нови ауми на дел од филтерските полиња.
*Реконструкција и чистење на делот Флокулација во Филтерницата.
*Полагање на ен. кабел трафо-водомерна, и нова ел. инсталација за новите мерни инструменти во Водомерна.
*Проширување,осовременување на SCADAсистемот со поставување на нови електро ормари за опрема,нови вентилатори .
* Поставување на нови вентилатори Ф700 за ладење на агрегатите мотор-пумпа.
*Реконструкција на ударогасителите со нови цевки нов хидро премаз на ПС. Довлеџик
*Набавка на опрема за автоматско подмачкување на моторите на ПС. Довлеџик.
*Полагање на ен. кабел за новите мерни места (скада)за Орбис, ПК5, Терминал, Кукуречани и Новаци.
*Поставување на арматури комплет со сончеви колектори на захват Лак Поток.
*Тековно одржување на Филтерница, Пс. Довлеџик, ХЕЦ Ст. Филтерница и скада системот.

Генерално, поголемиот дел од сирова вода е испорачана преку системот Драгор. Во текот на 2014 година преработени се **17.910.928 м3** што е за 2% помалку во споредба со 2013 година кога беа преработени **18.093.500 м3** вода и тоа:

| | **2013** м$^3$ | **2014** м$^3$ | **индекс** |
|---|---|---|---|
| Систем "Драгор" | 14.935.149 | 15.710.656 | 105% |
| Алим.канал ЈП"Стрежево" и Пумпна ст. "Довлеџик" | 3.158.351 | 2.200.272 | 69% |
| **ВКУПНО :** | **18.093.500** | **17.910.928** | **98%** |

или од сопствени извори 88 %, а од ХС "Стрежево" учеството е 12 %.

Произведена чиста вода **16.971.952** м3, а испорачана вода во мрежата кон корисниците **12.412.611 м$^3$** вода. И оваа година, како и 2013 година, испорачаната чиста вода е за 26% пониска од претходните години кога не беше инсталиран **SCADA** системот и хидроцентралата Довлеџик, ХЕП Водовод.

Прелив на чиста вода во полноводие за производството на електрична енергија од **4.559.341 м$^3$** вода, кое што е за 2% помалку во споредба со минатата година, каде што беа испуштени **4.611.141 м$^3$** вода.

За производство на вода потрошени се одредени количини на репроматеријали и тоа; течен хлор **21.025** кг, што е за 14% помалку во споредба со лани, а потрошен е хипохлорид вкупно **5.700** литри или **9**% помалку во однос на минатата година.

Со воведувањето на компјутерски мониторинг, за надгледување на водоводниот систем, кој ќе се состои од софистицирани водомери и мерни инструменти, дел од нив се активирани, а дел се во фаза на поставување на критични точки за да се прати движењето на водата и навремено да се реагира, со што осетно ќе се намалат загубите од вода.

## 2.2 СЛУЖБА ЗА САНИТАРНА КОНТРОЛА И ЗАШТИТА

Лабораторијата на филтерската станица, односно службата за санитарна контрола има примарно значење во технологијата на преработка и обезбедување на квалитетна вода за пиење. Службата за санитарна контрола и заштита ја сочинуваат;

- Лабораторија за хемиско и бактериолошко испитување на водата и
- Превентива

Работи непрекинато 24 часа. На секои два часа се следат основните параметри: проток на сирова вода, доза на хлор, **pH** на водата, матнотија на сирова и на пречистена вода, електроспроводливост, температура и резидуален хлор, кој се проверува на сите 29 пунктови во централното градско подрачје и 33 селски населби. Освен реонот од неколку села заради широкиот профил на цевки во село Крклино поставен е хипохлоринатор за дополнително хлорирање. Покрај 24 часовното пратење на квалитетот на водата во нашата лабораторија, редовни мостри од вода испитува Заводот за здравствена заштита - Битола, Републичкиот завод за здравствена заштита и Хидро-биолошкиот завод од Охрид, кој врши и биолошка анализа за концентрацијата на фито и зоо-планктонот во разни длабочини на Стрежевското езеро.

Од страна на ЈЗУ Битола се прават две периодични анализи, кои опфаќаат испитувања на физичко-хемиските параметри испитување на тешки метали радиолошки испитувања и испитувања на пестициди во водата за пиење. Во летниот период кога водата е збогатена и оптоварена со органски материи многу важен процес е претхлорирањето и хлорирањето со оптималната доза на хлор. ЈЗУ Битола изврши 400 хемиски и микробиолошки анализи.

За квалитетот и здравствената исправност на водата за пиење, микробиолошката лабораторија дава анализи, со кои се опфатени бројот на колиформни бактерии во 100 мл вода, вкупен број на аеробни мезофилни бактерии во 1 мл вода. Бројот на анализите и распоредот на пунктови за земање на мостри на вода е ист како и за хемиските анализи, само што сирова вода во овие прегледи се работи еднаш неделно.

Во текот на 2014 година правените анализи укажуваа дека водата за пиење одговара според Правилникот за безбедност на водата за пиење. Комплетната примена на HACCAP принципите е верификувана со анализите на водата за пиење

направени во нашата интерна лабораторија, во градскиот и републичкиот завод за здравствена заштита и хидробиолошкиот завод од Охрид.




Во текот на 2014 година освен анализите направени во нашата интерна лаборатории, направени се уште 2 периодични анализи со испитување на пестициди, радиоактивност, тешки метали, испитување на трихалогенметани во ЈЗУ-Скопје и резултатите покажуваат дека водата за пиење одговара според Правилникот за безбедност на водата за пиење (сл.весник бр. 46/2008 год.) на Р.Македонија. Во летниот период од годината кога максимално се користи вода од акомулацијата “Стрежево” и кога температурата на водата е највисока, а со тоа и можноста од појава на зголемена концентрација на фито и зоопланктон е поголема, направена е и биолошка анализа во Хидробиолошкиот завод во Охрид.

## 2.3 ОДДЕЛ " ОДРЖУВАЊЕ НА ГРАДСКА МРЕЖА И ПРИКЛУЧОЦИ “

Основната дејност на одделот е: одржување на градска и приградска мрежа, монтирање на нови водоводни линии, како и приклучоци во индивидуални станбени згради и индустриски објекти, одржување на доводните магистрални линии и други работи од делокругот на работата на овој оддел како што се: поставување, одржување и поправка на затварачи, хидранти, прочистување на водоводни линии во крајните делови со отворање на крајните затворачи и прочистување на истите.
Одделот во текот на извештајната **2014** година, има извршено реконструкција на дел од градската мрежа и по тој основ се монтирани (променети) водоводни линии во должина од **2.143** метри.

Во **2014** година изведени се реконструкции или целосно нови водоводни линии, според заедничка Програма на Општина Битола и ЈКП „Водовод“ при што се заменети азбест-цементни цевки и поцинкувани цевки од различни профили со нови пластични цевки од сите видови.

| | |
|---|---|
| **Интерна реализација на ЈКП Водовод:** | **3,624,728,00** |
| **Реализација кон трети лица:** | **2,802,355,00** |
| **Реализација кон осигурителна компанија (надоместок на штети):** | **7,842,238,00** |
| **<u>ВКУПНО:</u>** | **14,369,321,00** |

Во текот на 2014 година извршена е реконструкција и промена на нова водоводна мрежа на улиците-

| |
|---|
| ул.Мукос 90-92 |
| ул.Мукос 96-98 |
| ул.Лавчански пат-премин |
| Ул. Илинденска-Димитар Влахов |
| Ул. Прилепска- индустриски дел |
| Ул. Булевар 1-Ви мај - Црн Мост |
| ул.Наум Наумовски Борче |
| Ул. Вардарска |
| ул.Стрчин |
| ул.Ѓорѓи Ѓорѓиев |
| Клиничка болница |
| ул.Народни херои |
| Ул. бул.1-ви Мај – КЈП Нискоградба |

## 2.4 ОДДЕЛ "ВОДОМЕРНА РАБОТИЛНИЦА"

Овој оддел делува во склоп на РЕ "Водоводни објекти и инсталации", а основна дејност е сервисирање и баждарење на сите мерни инструменти (водомери) што ќе бидат донесени :

- Од нашата целокупна водоводна мрежа и тоа:
  - неисправност на водомери ( закочен, стопен, скршено стакло, нечитлив и др.)
  - Редовно баждирање на водомери во законски рок
- Од надворешни фирми од други градови, сродни на нашата дејност
- Водомери донесени од индивидуални странки и корисници

За поквалитетно и побрзо извршување на работните задачи се изврши реновирање на водомерната работилница како комплетно фарбање и припрема на просторија за поставување и монтирање на пескарата, со цел во потполност да се исфрли од употреба киселината за чистење на водомерите. Опремата беше монтирана кон крајот на месец март, а при крајот на годината беше поведена постапка за добивање на дозвола за работа.

Во текот на извештајната година баждарени се **10.989 водомери** . Проблем претставува неможноста за замена на водомерите кај старите инсталации, како стари цевки или расипан затворач. Големите водомери се контролираат и читаат месечно, и итно се реагира при неисправност на истите. За да се намалат загубите на вода поради закочување на водомерите, секој петти ден, се врши контрола барем на пет водомери кај големите потрошувачи.

## 2..5 ОДДЕЛ "ВОЗЕН ПАРК"

Основната задача на одделот е да се организира работата, управувањето и одржувањето на сите моторни возила како и навремено и квалитетно опслужување на работните единици во рамките на ЈКП "Водовод".

Одделот во **2014** год. располагаше со вкупно 31 моторно возило и придружна механизација од типот: агрегати, резачка за асфалт со дијамантски диск, пумпи за црпење вода, компресор со хидрауличен чекан, " HIAB " дигалка од 1 тон надградба на возило ФАП, дигалка PALFINGER до 6 тона надградба на возило ФОРД и тн. Од вкупниот број на моторни возила **16** се лесни моторни возила распоредени по службите на ЈКП Водовод.

За сервисирање на сите моторни возила имаме сервисна работилница во која работата ја извршуваат двајца автомеханичари и истата според организационата поставеност е опремена за извршување на мали и средни ремонти.

| ред.бр | ОПИС НА ГОРИВО | потрошено 2013 | потрошено 2014 | Инд. 4/3 |
|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |
| 1 | БЕНЗИН | 15,369 | 10,148 | 66% |
| 2 | НАФТА | 41,807 | 41,007 | 98% |
| | **Вкупно** | **57,176** | **51,155** | **89%** |

Во 2014 година потрошено е вкупно **51.155** литар гориво, а во споредба со 2013 година, има вкупно намалување за **6.021** литри или за **11**% во вкупната потрошувачка. По категории: намалување кај бензинот за **5.221** литри или за **44%** во споредба со мината година и намалување кај дизел горивото од **800** литри или намалување за **2** %

## ФИНАНСИСКА СОСТОЈБА

ЈКП "Водовод" тековната **2014** година, ја заврши со негативен финансиски резултат, односно загуба од **23.104.379,00** денари.

Финансиското работење во 2014 година не ги даде очекуваните резултати, односно не се реализирани планираните приходи од вода, кои се примарни во создавањето на вкупниот приход.

Негативниот финансиски резултат се должи на утврдените расходи од поранешни години кои се книжени во ставката на нематеријални трошоци, останати расходи од работењето (конто 469) во висина од **32.076,875,00** денари. Загубата е прикажана поради изгубениот судски спор со ЈП „Стрежево"-Битола и книжените влезни фактури за 2010, 2011, 2012 година за користење на сирова вода од ЈП „Стрежево"-Битола.

Доколку се изземи ставката од расходите од поранешни години поврзани со судскиот спор со ЈП „Стрежево"-Битола, ЈКП „Водовод" Битола ќе прикажеше позитивен финансиски резултат.

Фактурираната реализација од вода учествува со 81% во вкупниот приход, додека другите приходи учествуваат со 19% приходи.

Во текот на 2014 година продолжува реализацијата на **SCADA** проектот за мониторинг и далечинско управување со водоводниот систем.

Билансот на успех за 2014 година е следен:

- Вкупно остварениот приход изнесува **226.582.607,00** ден.
- Вкупните расходи изнесуваат **249.686.986,00** ден.
- Загубата изнесува **23.104.379,00** ден.

**Амортизацијата** на основните средства ја извршивме со примена на пропишаните стапки согласно номенклатурата за амортизација и истата изнесуваше **28.218.956,00**денари.

Вкалкулираните **бруто плати** изнесуваа **95.054.419,00** денари, што се намалени за 1% во споредба со минатата година. **Нето** платите изнесуваа **64.303.981,00** денари, и истите се исплатени согласно законот за плати.

Просечниот број на вработени според часови на работа изнесува **231** вработени. ЈКП Водовод – Битола деловната 2014 година ја заврши со загуба во износ од **23.104.379,00** денари.

Резултатите од работењето ќе ги согледаме од следниот табеларен преглед:

## *I ПРИХОДИ*

### 1. Д И Н А М И К А
### на деловниот резултат за 2014 година
**Во 000 ден.**

| ред.бр | ЕЛЕМЕНТИ | Остварено 2013 | ПЛАН 2014 | Остварено 2014 | Инд. 5/3 | Инд. 5/4 |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 |
| 1 | **Вкупен приход** | **217,133** | **235,287** | **226,582** | **104%** | **96%** |
| | Приходи од продажба на производи и услуги | 189,362 | 199,287 | 188,244 | **99%** | **94%** |
| | Приходи од извршени услуги од поврзани субјекти | 9,954 | 11,000 | 9,954 | **100%** | **90%** |
| | Приходи од сопствено учество | 2,653 | 10,000 | 3,625 | **137%** | **36%** |
| | Останати деловни приходи | 15,164 | 15,000 | 24,759 | **163%** | **165%** |
| 2 | **Вкупни расходи** | **215,202** | **233,783** | **249,687** | **116%** | **107%** |
| | Материјални трошоци со амортизација | 75,120 | 92,360 | 82,266 | **110%** | **89%** |
| | Нематеријални трошоци | 44,593 | 44,423 | 72,367 | **162%** | **163%** |
| | Бруто плати | 95,489 | 97,000 | 95,054 | **99%** | **98%** |
| 3 | **Вкупно добивка (загуба)** | **1,931** | **1,504** | **-23,105** | **0%** | **0%** |
| 4 | **Пресметан данок од добивка** | **1,641** | **1,300** | **0** | **0%** | **0%** |
| 5 | **Нето добивка (загуба)** | **290** | **204** | **-23,105** | **0%** | **0%** |

***Графички приказ на остварениот приход, расход и добивка за период 01.01.-31.12. 2014 година во 000 ден.***




-Од прикажаниот преглед можи да се заклучи :

ЈКП "Водовод" ја заврши деловната 2014 година со негативен финансиски резултат, односно загуба од **23.104.379** денари.

Остварениот вкупен приход во текот на 2014 година изнесува **226.582.607.00** денари, што е за 4% зголемен во однос на минатата година, а планот е реализиран со 96%.

Вкупните расходи изнесуваа **249.686.986.00** денари што се за 16% зголемени во споредба со минатата година, а планот е надминат за 7%. Врз основа на зголемените трошоци се базира и негативниот финансиски резултат за 2014 година.

Во текот на 2014 година беа реализирани приходи од извршени услуги во поврзани субјекти. Овие приходи се реализирани од **ХЕП Водовод** прекузакупнина и консалтинг услуги. Остварениот приход изнесуваше **9.953.848,00** денари, што се идентични во споредба со минатата година.

- Во извештајната година успеавме да реализираме и приходи од сопствено учество во износ од **3.624.728,00** денари што се за 37% зголемени во споредба со минатата година, а планот е реализиран со 36%.
- Останатите деловни приходи изнесуваат **24.759.803,00** денари што се за 63% зголемени во однос на минатата година, а планот е реализиран со 165%.

Според структурата динамиката на вкупниот **приход** е следна :

**I Вкупни приходи;**

## 2. Д И Н А М И К А
## на приходите во 2014 година

во денари

| Конто | ВИД НА ПРИХОД | ОСТВАРЕНО 2013 | ОСТВАРЕНО 2014 | ИНД.4/3 |
|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |
| 730 | ПРИХОДИ ОД УСЛУГИ НА ПОВРЗАНИ СУБЈЕКТИ | 9,953,848 | 9,953,848 | 100 |
| 740 | ПРИХОДИ ОД ПРОДАЖБА | 189,362,202 | 188,244,228 | 99 |
| 745 | ПРИХОДИ ОД ОСНОВ НА УПОТРЕБА НА СОП. ПРОИЗВОДСТВО | 2,652,222 | 3,624,728 | 137 |
| 764 | ДРУГИ ПРИХОДИ ОД ФИНАНСИРАЊЕ | 111,987 | 5,386,668 | 4810 |
| 765 | ПРИХОД ОД НАПЛАТЕНИ ОТПИШАНИ ПОБАРУВАЊА И ОБВРСКИ | 3,679,033 | 2,958,603 | 80 |
| 767 | ПРИХОДИ ОД ПРЕМИИ, СУБВЕНЦИИ | | 1,819,387 | |
| 769 | ОСТАНАТИ ПРИХОДИ (АДВ, СУД, ИЗВРШ, МАНИПУЛ, ШТЕТИ) | 10,410,502 | 13,594,321 | 131 |
| 774 | ПРИХОДИ ОД КАМАТИ | 963,558 | 1,000,824 | 104 |
| | **ВКУПЕН ПРИХОД** | **217,133,352** | **226,582,607** | **104** |

Од компаративниот преглед за движењето на приходите во 2014 година може да се забележи **пораст** кај:

- ПРИХОДИ ОД ОСНОВ НА УПОТРЕБА НА СОПСТВЕНИ ПРОИЗВОДИ И УСЛУГИ за 37% во споредба со минатата година.
- ДРУГИ ПРИХОДИ ОД ФИНАНСИРАЊЕ за 4.710% во споредба со минатата година.
- ОСТАНАТИ ПРИХОДИ (АДВОКАТСКИ, СУДСКИ, ИЗВРШНИ, ШТЕТИ И ДР.) за 31% во споредба со минатата година.
- ПРИХОДИ ОД КАМАТИ за 4% во споредба со минатата година.

Вкупните приходи за 2014 година бележат зголемување за 4% во споредба со минатата година и изнесуваат **226,582,607** денари.

**Цената** на водата со која е формиран вкупниот приход по категорија на потрошувачи беше следна:

| Ред. бр | Категорија на потрошувачи | Цена ден |
|---|---|---|
| 1 | Домаќинства | 24.25 |
| 2 | Правни лица | 45.00 |

Можиме да констатираме дека во текот на 2014 година ЈКП “Водовод” работи со цени кои не го пратат порастот на цените на директните трошоци и не овозможуваат проширена репродукција.

Според структурата приходите од продажба на производи и услуги ја бележеа следната динамика:

## 3. Д И Н А М И К А
## на фактурирана реализација по РЕ за 2014 година

Во 000 ден.

| ред.бр | Категорија на потрошувачи | Остварено 2013 | ПЛАН 2014 | Остварено 2014 | Инд. 5/3 | Инд. 5/4 |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 |
| 1 | **РЕ,,Водоводни објекти и инсталации,,** | **188,182** | **198,087** | **186,939** | **99%** | **94%** |
| * | Реализација од вода | 184,914 | 193,937 | 182,548 | 99% | 94% |
| * | Оддел ,,Одржување,, | 1,758 | 2,000 | 2,802 | 159% | 140% |
| * | Оддел ,,Водомерна,, | 1,471 | 2,000 | 1,579 | 107% | 79% |
| * | Оддел ,,Возен парк | 39 | 150 | 10 | 26% | 7% |
| 2 | **РЕ Заеднички служби** | 1,180 | 1,200 | 1,305 | 111% | 109% |
| 3 | **Вкупно 1+2** | **189,362** | **199,287** | **188,244** | **99%** | **94%** |

Од табеларниот преглед за динамиката на фактурираната реализација по РЕ и оддели, може да се согледа следното:

**3.1. РЕ"Водоводни објекти и инсталации"** оствари фактурирана реализација во висина од **186.939.000** ден. што е за 1% помалку во однос на минатата година, а планот е реализиран со 94%.

Според структурата по работни единици се бележи следната динамика:

а) **Реализацијата од вода** бележи стапка на намалување од 1% во однос на минатата година, а планот е реализиран со 94%.

б) Одделот "**Одржување на градска мрежа и приклучоци**" оствари реализација од 2.802.000 ден. што е за 59% пповеќе во однос на минатата година, а планот е реализиран и надминат за 40%.

в) Кај одделот "**Водомерна работилница**" фактурираната реализација е зголемена за 7% во споредба со минатата година. Во однос на планот истата е реализирана со 79%.

**3.2 РЕ"Заеднички служби"** оствари реализација во висина од 1.305.000 денари што е за 11% повеќе во однос на минатата година, а планот е натфрлен за 9%.

## 4. ДИНАМИКА
**на реализација од вода по категории на потрошувачи во физички обем**

во $м^3$

| ред.бр | Категорија на потрошувачи | Остварено 2013 | ПЛАН 2013 | Остварено 2014 | Инд. 5/3 | Инд. 5/4 |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 |
| 1 | Домаќинства | 4,530,071 | 4,750,000 | 4,490,185 | 99% | 95% |
| 2 | Правни лица | 1,711,865 | 1,750,000 | 1,674,500 | 98% | 96% |
| | **Вкупно** | 6,241,936 | 6,500,000 | 6,164,685 | 99% | 95% |

***Графички приказ на оствареniот финансов обем на реализација од вода за период 01.01.-31.12. 2014 година во 000 ден.***




Од компаративниот преглед на динамиката на остварената реализација во физички обем, може да се согледа дека во текот на 2014 година се реализирани **6.164.685 $м^3$** што е 1% помалку во однос на минатата година. Планираниот обем е реализиран 95% .

Според структурата ја бележиме следната динамика :

- кај домакинствата реализираните количини се за 1% помала во однос на минатата година. Планираниот обем е реализиран 95% .
- кај правните лица реализираниот физички обем е за 2% помал во однос на мината година. Планираниот обем е реализиран 96% .

***Домаќинствата во физичкиот обем на реализација на вода учествуваат со 73%, а правните лица со 27%.***

## 5. ДИНАМИКА

### на остварениот финансов обем на реализација од вода за 2014 година

**во ден. 000**

| ред.бр | **Категорија на потрошувачи** | Остварено 2013 | ПЛАН 2014 | Остварено 2014 | Инд. 5/3 | Инд. 5/4 |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 |
| 1 | Домаќинства | 109,353 | 115,140 | 108,959 | 100% | 95% |
| 2 | Правни лица | 75,560 | 78,797 | 73,589 | 97% | 93% |
| | **Вкупно** | 184,913 | 193,937 | 182,548 | 99% | 94% |

***Графички приказ на остварениот физички обем на реализација од вода за период 01.01 .- 31.12. 2014 година во м3***




***Табела 3***

Од прикажаниот компаративен преглед за динамиката за остварениот финансов обем на реализација од вода за 2014 година, може да се согледа следното:

Вкупниот финансов обем од реализација на вода изнесува **182,548,000.00** денари кои се за 1% помалку во споредба со истиот период од лани, а планот е реализиран со 94%.

- Кај домаќинствата имаме идентична реализација на финансов обем на вода со истиот период од лани, а планот е реализиран со 95%.

- Кај правните лица имаме намалување од 3% во споредба со истиот период од лани, а планот е реализиран со 93%.

***Домаќинствата во финансовиот обем на реализација од вода учествуваат со 60%, а правните лица со 40%.***

# *II РАСХОДИ*

## 5. ДИНАМИКА
## на расходите во 2014 год

во денари

| Конто | Назив | ОСТВАРЕНО 2013 | ПЛАНИРАНО 2014 | ОСТВАРЕНО 2014 | ИНДЕКС 5/3 | ИНДЕКС 5/4 |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 |
| 400 | ПОТРОШЕН МАТЕРЈАЛ | 21,822,931 | 25,000,000 | 22,170,087 | 102% | 89% |
| 401 | ПОТРОШЕНО ПОМОШ. КАНЦ. МАТЕРИЈАЛИ | 2,468,357 | 2,500,000 | 2,337,138 | 95% | 93% |
| 402 | ТРОШОЦИ ЗА ЕНЕРГИЈА | 16,924,146 | 18,000,000 | 11,165,764 | 66% | 62% |
| 407 | ТРОШОЦИ ЗА СИТЕН ИНВЕНТАР, АМБАЛАЖА И АВТОГУМИ | 466,181 | 600,000 | 6,547,231 | 1404% | 1091% |
| 410 | ТРАНСПОРТНИ УСЛУГИ | 3,671 | 10,000 | 6,300 | 172% | 63% |
| 411 | ПТТ УСЛУГИ,ТЕЛЕФОНСКИ УСЛУГИ И ИНТРНЕТ | 1,435,703 | 1,500,000 | 1,276,664 | 89% | 85% |
| 413 | УСЛУГИ ЗА ОДРЖУВАЊЕ И ЗАШТИТА | 4,970,548 | 6,500,000 | 6,972,962 | 140% | 107% |
| 414 | ЗАКУПНИНА | 940,143 | 950,000 | 941,064 | 100% | 99% |
| 415 | КОМУНАЛНИ УСЛУГИ | 949,220 | 1,000,000 | 586,554 | 62% | 59% |
| 417 | ТРОШОЦИ ЗА РЕКЛАМА И ПРОПАГАНДА | 787,200 | 800,000 | 929,509 | 118% | 116% |
| 419 | ОСТАНАТИ УСЛУГИ | 1,233,329 | 1,200,000 | 1,113,739 | 90% | 93% |
| 422 | ОСТАНАТИ ТРОШОЦИ ЗА ВРАБОТЕНИТЕ | 6,723,403 | 6,000,000 | 4,591,316 | 68% | 77% |
| 440 | ДНЕВНИЦИ ЗА СЛУЖБЕНИ ПАТУВАЊА И ПАТНИ ТРОШОЦИ | 316,612 | 350,000 | 277,745 | 88% | 79% |
| 441 | НАДОМЕСТ НА ТРОШОЦИТЕ НА ВРАБОТ. ПОДАРОЦИ И ПОМОШТИ | 243,946 | 300,000 | 442,386 | 181% | 147% |
| 442 | ТРОШ. ЗА НАДОМЕСТ НА ЧЛЕНОВИ НА УО И НО | 673,888 | 673,000 | 680,004 | 101% | 101% |
| 443 | СПОНЗОРСТВА И ДОНАЦИИ | 2,034,748 | 2,000,000 | 2,121,569 | 104% | 106% |
| 444 | ТРОШОЦИ ЗА РЕПРЕЗЕНТАЦИЈА | 753,020 | 800,000 | 669,655 | 89% | 84% |
| 445 | ТРОШОЦИ ЗА ОСИГУРУВАЊЕ | 7,450,011 | 7,800,000 | 6,245,402 | 84% | 80% |
| 446 | БАНКАРСКИ УСЛУГИ И ТРОШОЦИ ЗА ПЛАТЕН ПРОМЕТ | 866,567 | 400,000 | 368,039 | 42% | 92% |
| 447 | ДАНОЦИ КОИ НЕ ЗАВИСАТ ОД РЕЗУЛТАТОТ,ЧЛЕНАРИНИ И ДРУГИ ДАВАЧКИ | 1,213,123 | 1,300,000 | 701,068 | 58% | 54% |
| 449 | ОСТАНАТИ НЕМАТЕРЈАЛНИ ТРОШОЦИ. | 1,724,149 | 1,800,000 | 2,139,249 | 124% | 119% |
| 455 | ВРЕДНОСНО УСОГЛАСУВАЊЕ НА КРАТКОРОЧНИ ПОБАРУВАЊА | 11,647,423 | 9,500,000 | 12,517,496 | 107% | 132% |
| 456 | ВРЕДНОСНО УСОГЛАСУВАЊЕ(ОБЕЗВРЕДНУВАЊЕ) НА ЗАЛИХИ | 11,937 | | 9,681 | 81% | |
| 460 | ЗАГУБИ ОД РАСХОДОВАЊЕ И ПРО. | 142,630 | | | | |
| 464 | КУСОЦИ,КАЛО, РАСТУР,РАСИПУВАЊЕ И КРШЕЊЕ | 1,010 | | 31 | 3% | |
| 468 | КАЗНИ, ПЕНАЛИ И ШТЕТИ | | | 121,125 | | |
| 469 | ОСТАНАТИ РАСХОДИ ОД РАБОТЕЊЕТО | 7,973,653 | 10,000,000 | 36,544,334 | 458% | 365% |
| 474 | РАСХОДИ ОД КАМАТИ | 2,817,621 | 3,500,000 | 4,937,498 | 175% | 141% |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | **ВКУПНО материјални трошоци** | **52,001,429** | **58,060,000** | **54,047,013** | 104% | 93% |
| | **ВКУПНО нематеријални трошоци** | **44,593,741** | **44,423,000** | **72,366,598** | 162% | 163% |
| | **ВКУПНО материјални и нематеријални трошоци** | **96,595,170** | **102,483,000** | **126,413,611** | 131% | 123% |
| 430 | ПРЕСМЕТАНА АМОРТИЗАЦИЈА | 23,118,124 | 34,300,000 | 28,218,956 | 122% | 82% |
| | **ВКУПНО материјални и нематеријални трошоци со амортизација** | **119,713,294** | **136,783,000** | **154,632,567** | 129% | 113% |
| 420 | ПЛАТА, НАДОМЕСТОЦИ ОД ПЛАТА | 95,488,428 | 97,000,000 | 95,054,419 | 99% | 98% |
| | **ВКУПНО РАСХОДИ** | **215,201,722** | **233,783,000** | **249,686,986** | 116% | 107% |

***Графички приказ на материјални, header нематерјалните трошоци и вкалкулираните плати за период 01.01.-31.12. 2014 година во 000 ден.***




***Табела 4***

## II Вкупни расходи;

1.2. **Вкупните расходи** изнесуваат **249.686.986.00** денари и бележат зголемување од 16% во споредба со истиот период од минатата година. Спредени со планот вкупните расходи се надминати за 7%.

а) Според структурата, деловните расходи ја бележат следната динамика:

- **материјалните трошоци** изнесуваат 54.047.013 денари и се зголемени за 4% во споредба со истиот период од минатата година, а планот е реализиран со 93%.

- **нематеријални трошоци** кои изнесуваат 72.366.598 денари и се зголемени за 62% во споредба со минатата година, а планот е реализиран со 163%.

- **вкупните материјални и нематеријални трошоци со амортизацијата** кои изнесуваат 126.413.611,00 се за 31% зголемени во споредба со истиот период од минатата година, а планот е реализиран со 123%.

2. **Амортизацијата** изнесува 28.218.956,00 и е зголемена за 22% во споредба со истиот период од минатата година, а планот е реализиран со 82%.

3. **Вкалкулираните плати** се намалени за 1%, а планот е реализиран со 98%

а) Според структурата **зголемување** имаме кај следните деловни трошоци;

- ПОТРОШЕН МАТЕРЈАЛ ЗА 2%
- ТРОШОЦИ ЗА СИТЕН ИНВЕНТАР, АМБАЛАЖА И АВТОГУМИ 1304%
- УСЛУГИ ЗА ОДРЖУВАЊЕ И ЗАШТИТА 40%
- ТРАНСПОРТНИ УСЛУГИ 72%
- ТРОШОЦИ ЗА РЕКЛАМА И ПРОПАГАНДА 18%
- НАДОМЕСТ НА ТРОШОЦИТЕ НА ВРАБОТ. ПОДАРОЦИ И ПОМОШТИ 81%
- СПОНЗОРСТВА И ДОНАЦИИ 4%
- ВРЕДНОСНО УСОГЛАСУВАЊЕ НА КРАТКОРОЧНИ ПОБАРУВАЊА 7%
- РАСХОДИ ОД КАМАТИ 75%
- ОСТАНАТИ РАСХОДИ ОД РАБОТЕЊЕТО 358%

б) Според структурата **намалување** имаме кај следните деловни трошоци;

- ПОТРОШЕНО ПОМОШ. КАНЦ. МАТЕРИЈАЛИ 5%
- ТРОШОЦИ ЗА ЕНЕРГИЈА ЗА 34%
- ПТТ УСЛУГИ,ТЕЛЕФОНСКИ УСЛУГИ И ИНТРНЕТ 11%
- КОМУНАЛНИ УСЛУГИ 38%
- ОСТАНАТИ УСЛУГИ 10%
- ОСТАНАТИ ТРОШОЦИ ЗА ВРАБОТЕНИТЕ 32%
- ТРОШОЦИ ЗА РЕПРЕЗЕНТАЦИЈА 11%
- ТРОШОЦИ ЗА ОСИГУРУВАЊЕ 16%
- ДНЕВНИЦИ ЗА СЛУЖБЕНИ ПАТУВАЊА И ПАТНИ ТРОШОЦИ 12%

## III ВКУПНА ДОБИВКА (ЗАГУБА)

Вкупната загуба за 2014 година изнесува **23.104.379,00** денари**.**

ЈКП „Водовод“ Битола со остварените вкупни приходи за 2014 година не овозможи покривање на севкупните расходи, а со тоа и не овозможи ни реализирање на зацртаната програма и планот за работа за 2014 година.

## 6. Д И Н А М И К А

на материјалните трошоци за 2014 - аналитика во ден.

| Конто | НАЗИВ | ОСТВАРЕНО 2013 | ОСТВАРЕНО 2014 | ндекс 4/3 |
|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |
| 40000 | ПОТРОШЕНО ДОМАШНИ СУРОВИНИ И МАТЕРИЈАЛИ | 14,554,338 | 10,639,652 | 73% |
| 40040 | ПОТРОШЕНО РЕЗЕРВНИ ДЕЛОВИ | 6,973,005 | 10,753,354 | 154% |
| 40041 | ПОТРОШЕНИ РЕЗЕРВНИ ДЕЛОВИ-ВОЗЕН ПАРК | 295,588 | 777,082 | 263% |
| 40100 | ПОТРОШЕНО КАНЦАЛАРИСКИ МАТЕРИЈАЛ | 552,607 | 468,571 | 85% |
| 40110 | ПОТРОШЕНО ПОМОШЕНИ МАТЕРИЈАЛИ | 1,915,750 | 1,868,567 | 98% |
| 40200 | ПОТРОШЕНО ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА | 12,026,695 | 7,212,577 | 60% |
| 40284 | ПОТРОШЕН МАЗУТ | 894,168 | 546,238 | 61% |
| 40285 | ПОТРОШЕНО ГОРИВО НА ТРАНСПОРТНИ СРЕДСТВА | 3,695,360 | 3,268,643 | 88% |
| 40286 | ПОТРОШЕНО МОТОРНИ МАСЛА АНТИФРИЗ И ДР. | 307,923 | 138,306 | 45% |
| 40700 | СИТЕН ИНВЕНТАР-ОТПИС | 466,181 | 6,547,231 | 1404% |
| 41000 | ТРОШОЦИ ЗА ПРЕВОЗ НА ЈАВНИОТ СООБРАЌАЈ ВО ЗЕМЈАТА | 3,671 | 6,300 | 172% |
| 41100 | ТРОШОЦИ ЗА ПТТ УСЛУГИ ВО ЗЕМЈАТА | 833,650 | 673,989 | 81% |
| 41110 | ТРОШОЦИ ЗА ПИСМОНОСНИ УСЛУГИ | 292,205 | 286,716 | 98% |
| 41120 | ПРОВИЗИЈА ЗА НАПЛАТА НА СМЕТКИ 5% | 308,862 | 315,379 | 102% |
| 41130 | ДРУГИ ТРАНСПОРТНИ ТРОШОЦИ | 986 | 580 | 59% |
| 41300 | УСЛУГИ ЗА ТЕКОВНО ОДРЖУВАЊЕ НА ВОДОВОДНИ ЛИНИИ | 2,228,533 | 4,013,854 | 180% |
| 41310 | УСЛУГИ ЗА ТЕКОВНО ОДРЖУВАЊЕ НА ВОЗЕН ПАРК | 1,587,883 | 1,705,320 | 107% |
| 41320 | УСЛУГИ ЗА ТЕКОВНО ОДРЖУВАЊЕ НА ДР. СРЕДСТВА | 1,154,132 | 1,253,788 | 109% |
| 41400 | ЗАКУПНИНА НА ДЕЛОВНИ ПРОСТОРИИ | 940,143 | 941,064 | 100% |
| 41510 | ЗАНАЕТЧИСКИ УСЛУГИ | 4,237 | | |
| 41541 | ТРОШОЦИ ЗАЃУБРЕ | 211,702 | 310,404 | 147% |
| 41549 | ДРУГИ КОМУНАЛНИ УСЛУГИ | 65,177 | 7,204 | 11% |
| 41560 | УСЛУГА ЗА КОРИСТЕЊЕ НА ПАТАРИНА | 41,240 | 31,268 | 76% |
| 41590 | ДРУГИ НЕПРОИЗВОДНИ ЗАНАТСКИ УСЛУГИ | | 49,690 | 0% |
| 41595 | ДРУГИ УСЛУГИ | 626,864 | 187,988 | 30% |
| 41700 | ТРОШОЦИ ЗА ПРПАГАНДИ И РЕКЛАМИ | 787,200 | 929,509 | 118% |
| 41900 | ТРОСОЦИ ЗА ИСТАК. НА ФИРМИ И РЕГИСТР. НА ВОЗИЛА | 398,066 | 237,008 | 60% |
| 41940 | УСЛУГИ ЗА КОНТРОЛА НА КВАЛИТЕТ,АТЕСТИРАЊЕ НА ДОБРА И УСЛУГИ | 610,560 | 656,928 | 108% |
| 41950 | ТРОШОЦИ ЗА ТЕНДЕРИ | 80,575 | 82,818 | 103% |
| 41990 | услуги за агенции за вработување | 144,128 | 136,985 | 95% |
| 42200 | ОТПРЕМНИНА | 428,608 | 562,391 | 131% |
| 42220 | ЈУБИЛЕЈНИ НАГРАДИ | 471,976 | 957,656 | 203% |
| 42230 | РЕГРЕС ЗА ГОДИШЕН ОДМОР | 5,189,401 | 2,433,332 | 47% |
| 42240 | ПОМОШТИ | 633,418 | 637,937 | 101% |
| 44000 | ДНЕВНИЦИ ЗА СЛУЖБЕНО ПАТУВАЊЕ ВО ЗЕМАТА | 195,588 | 207,134 | 106% |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 44001 | ДНЕВНИЦИ ЗА СЛУЖБЕНО ПАТУВАЊЕ ВО СТРАНСТВО | 65,701 | 70,611 | 107% |
| 44011 | ТРОШОЦИ ЗА ПРЕВОЗ ЗА СЛУЖ. ПАТУВАЊЕ ВО СТРАНСТВО | 55,323 | | |
| 44150 | ЗДРАВСТВЕНИ УСЛУГИ | 84,140 | 249,400 | 296% |
| 44160 | УСЛУГИ ЗА СОВЕТУВАЊЕ И СЕМИНАРИ | 61,780 | 45,276 | 73% |
| 44161 | УСЛУГИ ЗА ТЕКОВНИ ПОТРЕБИ ЗА СТРУЧНО ОБРАЗОВАНИЈЕ | 98,026 | 147,710 | 151% |
| 44299 | ТРОШОЦИ ЗА УО И НО | 673,888 | 680,004 | 101% |
| 44320 | СПОНЗОРСТВА И ПОМОШТИ | 1,854,000 | 1,815,400 | 98% |
| 44330 | СПОНЗОРСТВА И ПОМОШТИ НА ФИЗ ЛИЦА | 180,748 | 306,169 | 169% |
| 44401 | ТРОШОЦИ ЗА РЕПРЕЗЕНТАЦИЈА | 753,020 | 669,655 | 89% |
| 44500 | ПРЕМИИ ЗА ОСИГУРУВАЊЕ | 7,450,011 | 6,245,402 | 84% |
| 44600 | НАДОМЕСТ НА ТРОШОЦИ НА ПЛАТНИОТ ПРОМЕТ | 298,545 | 322,533 | 108% |
| 44610 | НАДОМЕСТ НА БАНКАРСКИ УСЛУГИ ЗА KWB | 568,022 | 45,506 | 8% |
| 44700 | данок на недвизности | 135,530 | 135,530 | 100% |
| 44720 | БЕНИФИЦИРАН СТАЖ | 66,379 | 52,037 | 78% |
| 44730 | ЧЛАНАРИНА НА ДРУГИ ЗДРУЖЕНИЈА НА ПРЕТПРИЈАТИЈА | 106,400 | 124,220 | 117% |
| 44790 | ТРОШОЦИ ЗА СУДСКИ ИЗДАТОЦИ | 835,040 | 290,441 | 35% |
| 44791 | АДМИНИСТРАТ ТАКСИ И ИЗДАТОЦИ | 69,774 | 98,840 | 142% |
| 44904 | УСЛУГИ ЗА ВЕШТАЧЕЊЕ И ПРОЦЕНУВАЊЕ НА СРЕДСТВА И ВРЕДНОСТ НА ДРУШТВОТО | 22,200 | 29,304 | 132% |
| 44940 | трошоци за фин ревизија | 299,000 | 289,000 | 97% |
| 44950 | ТРОШ ЗА АДВОКАТ УСЛУГИ | 1,402,949 | 1,501,457 | 107% |
| 44951 | ИЗВРШНИ ТРОШОЦИ | | 316,872 | |
| 44991 | ОСТАНАТИ НЕМАТЕРИЈАЛНИ ТРОШОЦИ | | 2,616 | |
| 45500 | ОТПИС ИИСПРАВКА НА НА НЕНАПЛАТЕНИТЕ ПОБАРУВАЊА | 11,647,423 | 10,810,021 | 93% |
| 45510 | ВРЕДНОСНО УСОГЛАСУВАЊЕ НА КРАТКОРОЦНИ ПОБАРУВАЊА | | 1,707,475 | |
| 45600 | ВРЕДНОСНО УСОГЛАСУВАЊЕ (ОБЕЗВРЕДНУВАЊЕ) НА МАТЕРИЈАЛИТЕ,ОТПИС И ИСПРАВКА | 11,937 | 9,681 | 81% |
| 46000 | РАСХОДИ ОД ОСНОВНИ СРЕДСТВА | 142,630 | | |
| 46420 | КУСОЦИ НА РЕЗЕРВНИТЕ ДЕЛОВИ | 1,010 | 31 | 3% |
| 46800 | КАЗНИ ПЕНАЛИ И НАДОМЕСТ НА ШТЕТИ | | 121,125 | |
| 46900 | ДОПОЛНИТЕЛНО УТВРДЕНИ РАСХОДИ ОД ПОРАНЕШНИ ГОДИНИ | 7,787,180 | 35,678,659 | 458% |
| 46990 | РАСХОДИ НА МАТЕРИЈЛИТЕ | 186,473 | 865,676 | 464% |
| 47400 | КАМАТИ ПО ОСНОВ НА ОБВСКИ ЗА ОСНОВНИ СРЕД. | 1,300,914 | 870,201 | 67% |
| 47401 | КАМАТИ ОД КРЕДИТИ ОД KFW БАНКА | 750,396 | 1,821,786 | 243% |
| 47410 | КАМАТИ ПО ОСНОВ НА ОБВРСКИ ЗА ОБРТНИ СРЕД. | 766,311 | 2,245,511 | 293% |
| | **ВКУПНО Материјални Трошоци** | **52,001,429** | **54,047,013** | 104% |
| | **ВКУПНО Нематеријални Трошоци** | **44,593,741** | **72,366,598** | 162% |
| 43000 | АМОРТИЗАЦИЈА ПО МИНИМАЛНИ СТАПКИ | 23,118,124 | 28,218,956 | 122% |
| | **ВКУПНО Материјални Трошоци со амортизација** | **75,119,553** | **82,265,969** | 110% |
| 42000 | ВКАЛКУЛИРАНИ ПЛАТИ | 95,488,428 | 95,054,419 | 99% |
| 49000 | **ВКУПННО РАСХОДИ** | **215,201,722** | **249,686,986** | 116% |

## ЗАКЛУЧНИ МИСЛЕЊА

1. Деловната **2014** година ЈКП"Водовод"-Битола ја заврши со негативен финансиски резултат. Негативното финансиско работење не овозможи покривање на севкупните расходи, а со тоа неовозможи и реализација на зацртаната програма и планот за работа за 2014 година.

2. Доколку се изземи ставката од расходите од поранешни години поврзани со судскиот спор со ЈП „Стрежево"-Битола, ЈКП „Водовод" Битола ќе прикажеше позитивен финансиски резултат.

3. Цената на водата овозможи делумно покривање на севкупните трошоци.

4. Во тековната година успеавме да реализираме и приходи од сопствено учество во износ од **3.624.728,00** денари што се за 37% зголемени во споредба со минатата година, како и реализација на останатите деловни приходи кои изнесуваат **24.759.803,00** денари што се за 63% зголемени во однос на минатата година, со што се зголемија вкупните приходи за 2014 година за 4% во споредба со минатата година и допринесоа за намалување на негативниот финансиски резултат.

5. Во тековната година изградени и реконструирани се водоводни линии во должина од **2.143 м.**

6. Продолжува реализацијата на SCADA проектот за мониторинг и далечинско управување со водоводниот систем.

**13.03.2014**
**План и анализа**

**ЈКП "ВОДОВОД"**
**БИТОЛА**